**ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA**
CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655
Matični broj: 3805760; Žiro račun: 2340009-1100038804; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 15 – 1/2005
Загреб, 19. 02. 2005.

# З А П И С Н И К

од **4. седница** на Управниот Одбор на Заедницата која се одржа на ден **19.02.2005. година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** С. Сагадин – Пула – претсед. на Заедницата, Т. Јовановска – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек, И. Христодулов – Риека, и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни членови:** В. Апостолски – Сплит (кој не го образложи своето отсуство), К. Стоилов – Сплит и Т. Проданов – Пула;

**Гости:** А. Рабузин – секретарка на Заедницата, Е. Жугај – адм. секретарка на Заедницата,
М. Чинчурак – Осиек, Б. Јањиќ – Осиек, В. Настески – Риека, М. Мајиќ – Задар, и М. Паризоски.

Седницата ја водеше претсед. на УО на Заедницата – С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претсед. го прочита дн. ред за оваа седница и по читањето на истиот, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** и седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Извештај за одржаниот семинар во Стубичките топлици и договор за квалитетно остварување на програмите и извршување на работите во 2005. година;
2. Усвојување на записникот од 3. седница на УО;
3. Анализа на активностите од претходната седница до денес – извештај за секое друштво поднесува претседателот;
4. Донесување на План и програм за работа во 2005. година;
5. Усвојување на ценик за исплата на хонорари за „Македонски глас„;
6. Донесување на одлука за разрешување на Марјан Гиговски – потпретседател на Заедницата;
7. Донесување на одлука за именување на координатор за “Web“ страницата на Заедницата;
8. Разно.

**Ад. 1.** На семинарот кој беше одржан во С. Топлици на тема „Financiranje programa nevladinih udruga i ustanova nac. manjina i primjena Zakona o proračunu RH”, од Заедницата присуствуваа А.Рабузин и Е. Жугај. Извештај за одржаниот семинар поднесе А. Рабузин – прилог. Врз основа на темите обработени на семинарот, се укажа потреба оваа седница да биде одржана во проширен состав со присуство на потпретседателите или секретарите на друштвата. Пред почетокот на седницата, на присутните им беше поделен материјал за користење во работата, и тоа, како за поуспешно остварување на програмите, така и за исполнување на законските обврски од страна на секое друштво, со што детално ги запозна А. Рабузин.
По завршеното излагање се поведе дискусија и со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

1. Програмите во иднина да се подготвуваат по приложените формулари од Советот и да се почитуваат роковите за предавање на истите (како пример за добро подготвен програм, се истакна програмот за 2005. год. на МКД „Илинден„ – Риека, а како програм кој не ги задоволува зададените должности, беше презентиран програмот за 2005. год. на МКД „Македонија„ – Сплит). Посебно е нагласено дека од реализацијата на приложените програми зависи и нивното финансирање, и во иднина да се настојува да не се случуваат такви пропусти (како пример се спомнаа книгата на Б. Павловски „Од текста до преставе„ од програмот на Заедницата и книгата на А. Климан „Десет плодних година„ од програмот од Пула, кои не се реализирани во потполност);
2. Извештаите во иднина да се насловуваат и изработуваат према зададените должности од страна на Советот и да се почитуваат роковите за предавање на истите;
3. Да се контактира со ХРТ во врска со дописот за нивното барање на млади луѓе за повремена хонорарна соработка со ХТВ-овата Редакција за нац. малцинства, а во својство на новинари, за да се добие информација до каде е тоа реализирано;
4. Да се проверат сите можности во врска со програмите за школување на нац. малцинства на својот мајчин јазик и нивното финансирање во Министерството за знаност, образование и спорт, а посебно организирање на летен камп и работилници на деца со настава на македонски јазик и оквирно да се пресметаат трошоците и роковите за пријавување на истите;
5. Да се направи инвентура на покретната имовина на Заедницата ретроградно, со датум од 31.12.2004. год., а за инвентурната комисија именувани се: А. Рабузин, Е. Жугај и М. Апостоловска.

**Ад. 2.** По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија записникот** од 3. седница на УО.

**Ад. 3.** По оваа точка од дн. ред, Ј. Цветичанин ги запозна присутните со активностите на друштвото од Осиек во изминатиот период и во врска со тоа, поднесе писмен прилог на записникот, додека претсед. на друштвата од Задар, Риека и Пула усмено ги презентираа активностите на нивните друштва од претходната седница на УО до денес, со обврска да ги достават и писмено до Заедницата како прилог на записникот. За активностите на Заедницата извести секретарката на Заедницата А. Рабузин – прилог. Таа напомена дека била во ГСКГ на состанок со директорката на Секторот, г-ѓа Нада Чаниќ во врска со нерешените прашања за одржувањето на просториите на Заедницата и поправките на сметка на заедничката причува, а поради незаинтересираноста на претставникот на зградата С. Балиќ, кој не покажа никаква иницијатива за решавање на оваа проблематика и кој до ден–денес, и покрај безуспешното барање, не доставил никаква документација до Заедницата во врска со заедничката причува, а исто така, службено ни од страната на ГСКГ не стигнала никаква документација поради проблемот со нерешеното власништво на просториите на Заедницата. По спроведената дискусија со јавно гласање членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да се реализира доставата за понуда за јавен откуп на 100 примероци од книгата „Танго„ од М. Апостоловска по цена од 50,00 кн. по примерок до Министерството за култура;
- Книгата „Од текста до представе„ од Б. Павловски да се отпечати во најскоро време;
- Да се продолжи со понатамошната реализација на вработувањето на адм. секретарка Е. Жугај во сталeн работен однос;
- Да се контактира со ГСКГ во врска со поправките во просториите на Заедницата и да се поправат штетите кои потпаѓаат под заедничката причува;
- Да се настојува да се реши прашањето за власништвото на просториите на Заедницата и во врска со тоа, да се контактира со Министерството за надворешни работи во Хрватска и Македонија. Претс. С. Сагадин рече дека постои тенденција за присвојување на просториите на Заедницата од страна на Амбасадата на Македонија и дека ова прашање треба да се реши што поскоро.

**Ад. 4.** По краткото излагање на претс. С. Сагадин, дека програмите за 2005. год. од Заедницата и друштвата се навреме предадени во Советот за нац. малцинства, дека во Советот се одржа состанок (на кој и таа присуствуваше) за раподелба на средствата со кои ке бидат финансирани програмите и дека таа одлука ќе биде пратена до Заедницата за 15-тина дена, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Планот и програмот на работа во 2005. год. по што се проведе анализа на истиот, и за кој **се донесоа следните одлуки:**

1. Прославата по повод на празникот „Илинден„ традиционално да се одржи во град Самобор;
2. Одржувањето на седницата на Собранието на Заедницата ќе се одреди на наредната седница на УО на Заедницата, со тоа да претходно сите друштва ги одржат своите седници на Собранијата;
3. Да се испитаат сите можности за реализација на изложбата преку Заедницата, да се направи допис од страна на А. Рабузин и Н. Гроздановски со пропозиции на учество и да се прати до сите друштва.

**Ад. 5.** Секретарката на Заедницата А. Рабузин ги извести присутните за содржината на 1. седница на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски глас„ и за одлуките кои беа донесени на истата – прилог, а членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** Ценикот за исплата на хонорари за „Мак. глас„ со што се **донесоа следните одлуки:**

1. Хонорарот на главната и одговорна уредничка да изнесува 1.500,00 кн. по број;
2. Хонорарот на лицето за компјутерска обработка да изнесува 500,00 кн. по број;
3. Хонорарот на лицето задолжено за лектура да изнесува 400,00 кн. по број;
4. Останатите хонорари да се исплатуваат по ценикот кој е усвоен на седницата на Редакцискиот одбор;
5. Сите друштва да им помогнат на своите дописници со купување на фотоапарат, а за Заедницата, претс. С. Сагадин да разговара со отец К. Велински, ако постои можност тој да купи, ако не, да се купи од средствата на Заедницата.

**Ад. 6.** По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно донесоа одлука** по која се разрешува М. Гиговски од функцијата потпретседател на Заедницата од ден 19.02.2005.

**Ад. 7.** Како координатор за „Web„ страницата на Заедницата, членовите на УО на таа должност со јавно гласање **едногласно го именуваа** Сашко Дисоски. По завршената дискусија, УО **ги донесе следните одлуки:**

1. Почетната „Web„ страница да биде оформена на начин да ги содржи сите актуелни податоци на Заедницата и друштвата-членки, нивните програми, активности, информирање, издаваштво, манифестации и сите останати информации кои се однесуваат на работата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска;
2. Настанатите трошоци за уредување на „Web„ страницата да се покријат преку средствата доделени за програмот за информирање;
3. До 15. март да се доставаат до Заедницата сите материјали од друштвата потребни за реализација на почетната „Web„ страница;
4. На следниот УО да се донесе конечна одлука за усвојување на трошковникот за „Web„ страницата.

**Ад. 8.** Под точката разно, се водеше дискусија за неколку прашања, а членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

1. На предлог од г-дин Р. Димовски, да се изврши замена на 50 книги „КАЛИНКА – НАР„ за 50 книги „ТРАМОНТАНА„ на кои е тој автор;

2. На друштвата кои не ја извршуваат својата задача во врска со остварувањето на програмите и доставувањето на извештаите, да не им се трансферираат средствата, туку да бидат прераспоредени на другите друштва кои ќе се истакнуваат со својата работа, како награда за нивниот вложен труд, а по однапред донесената одлука на УО;
3. Пред почетокот на седницата на УО, а за време на траењето на седницата на РО, Н. Илиевски упадна без било каква најава во просториите на Заедницата и започна инцидент со вербално малтретирање и претење на присутните, поради што беше доведено во прашање самото одржување на седниците. Поради тој инцидент, претс. С. Сагадин беше принудена да повика полиција, која по своето доаѓање направи записник за тоа;
4. Да се испитаат можностите за барање на судска забрана за Н. Илиевски да нема повеќе пристап во просториите на Заедницата, поради неговото недолично и брутално однесување кон присутните;
5. Претс. С. Сагадин да ја контактира Ј. Кöениг, да се советува со неа за инцидентите на Н. Илиевски и да се направи целосен попис на сите негови инциденти;
6. За комисијата која ќе биде задолжена за примопредажбата на покретната имовина на МКД „Крсте Мисирков„ од просториите на Заедницата, а која треба да се реализира на 21.02.2005. год., именувани се: С. Сагадин, К. Велински, М. Гиговски, Д. Јованова – Иванковиќ, К. Велковска и Е. Жугај;
7. Г-ѓа Мирјана Димњаковиќ, равнателката на Градската библиотека во Самобор, а врз основа на телефонскиот договор со Е. Жугај, на своја иницијатива и поклонува на Заедницата околу 200 книги од македонската литература, кои ќе го збогатат фондот на библиотеката на Заедницата. Благодариме на тој вреден поклон!
8. Се покрена иницијатива да се отвори централна библиотека за македонското малцинство во РХ, а како членови на комисијата која ќе се бави со тоа прашање, УО **ги именува**: Б. Павловски, А. Рабузин, Н. Гроздановски, Е. Жугај и М. Апостоловска.

Седницата заврши во **17.30** часот.

Записничарка:

Елизабета Жугај

Elizabeta Žugaj

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседателка:

А. Р./ Е. Ж.

Славица Сагадин

uz [illegible]